# Откривање на ракот



▷ *Macedonian*

*Diagnosing cancer*

**Информативна Служба за Рак:**

- **Македонски (03) 9209 0169**
- **Англиски 13 11 20**

Ако некое лице има симптоми кои би можеле да бидат рак, нивниот лекар ќе предложи да се направат испитувања. Овие испитувања можат да покажат дали лицето има рак. Испитувањата обично можат да покажат во кој дел на телото е ракот.

Постојат вообичаени испитувања за откривање на рак. Лице со симптоми на рак може да направи повеќе од вообичаените испитувања. На овие испитувања, лицето со себе може да поведе и некого со кој се знае.

## Прашајте го лекарот или лицето кое го врши испитувањето:

- да ви го објасни она што не го разбирате
- да организира присуство на преведувач во колку имате потреба од тоа

## Преглед

Ако лицето има невообичаен оток, лекарот ќе го прегледа и ќе го почувствува отокот со допир. Во колку лицето има болка, лекарот со допир ќе ја насети болната површина. Лекарот може со допир да насети и околу отокот или болното место.

## Испитување на крвта или на урината

Некои видови на рак (на пример, рак на простатата или рак на јајниците) произведуваат материја која навлегува во крвта или урината. Тоа му кажува на лекарот дека постои рак во телото. Лекарот може да земе примерок од крвта со игла и шприц или да побара да дадете примерок од урината. Лекарот ќе го испрати примерокот од крвта или урината во лабораторија за да се испита.

## Рендгенска снимка или преглед

**(Рендгенски X-ray преглед, CT снимка, MRI, IVD, радиоизотопска снимка на коските, ултра-звучен преглед)**

Овие испитувања користат машини за да се снима телото. Тие прават слики покажувајќи што има во внатрешноста на телото, на пример, органи, тумори. Тие машини користат многу мала, нештетна доза на радијација, магнетни полиња, радио бранови или звучни бранови за да направат слики од внатрешноста на телото.

Пред да се изврши испитувањето, лицето можеби ќе требе да испие напивка или да прима инекција со специјална течност. Тие течности овозможуваат да се отцртаат внатрешните делови на телото. Од лицето може да биде побарано да не јаде или да не пие, неколку часови пред да почне испитувањето.

Машините за испитување се во специјални простории. Лицето кое ракува со машините може да остане во просторијата или да биде во соседна просторија.

Ако имате таков преглед, од вас може да биде побарано да соблечете некои од алиштата и да облечете специјална наметка. Лицето кое ја управува машината ќе ви покаже каде да легнете. Машината се движи околу вас или над вас, сликајќи го вашето тело. Просторот во машината можеби е мал. Доколку сте неспокојни во мал простор, кажете му го тоа на управувачот на машината. Пробајте да се успокоите со затворање на очите. Понекогаш, машините можат да бидат бучни.

Испитувања обично се прават во болници или специјални клиники. Некои испитувања траат околу пет минути, а некои подолго. Нормално е лицето кое се испитува да биде малку загрижено. Испитувањата не предизвикуваат болка или пак болест.

## Скопинг (набљудувачко – истражни) испитувања

**(цистоскопија, сигмоидоскопија, колоноскопија, ендоскопија, бронхоскопија, хистероскопија)**

Овие испитувања користат многу мало цревo на кое што е закачено минијатурно светло и камера, кои се ставаат во телото. Лекарот може да го движи цревото наоколу. Камерата покажува слики од внатрешноста на телото на екран, како на телевизор. Со помош на малото црево, лекарот исто така може да земе примерок од ткивото од истражното испитување, за да го испита под микроскоп. Овој зафат се нарекува биопсија.

Пред да се направи едно од овие истражни испитувања, од лицето може да биде побарано да не јаде или да не пие, неколку часови пред испитувањето. Понекогаш од лицето се бара да испие специјална течност пред да започне испитувањето, кое што помага сликата да биде појасна.

Лицето може да земе и сретство за смирување за да се смират. При некои испитувања луѓето може да бидат и под опојка (анестезија), за да не чувствуваат никаква болка.

1 Rathdowne Street
Carlton Vic 3053
Australia
Telephone: 61 (0)3 9635 5000
Facsimile: 61 (0)3 9635 5270
enquiries@cancervic.org.au
www.cancervic.org.au

January 2004

# Откривање на ракот



Овие испитувања обично се вршат во болница и траат околу еден час. Луѓето треба да одвојат околу еден час пред и еден час после испитувањето. Тие обично можат да си одат дома откако помине сретството за опојка.

Лекарите треба да знаат пред испитувањето дали лицето употребува било какви лекови. Некои лекови можат да се одразат на заздравувањето од истото испитување.

Луѓето обично се чувствуваат неспокојно при едно вакво испитување. Тие понекогаш чувствуваат болки по испитувањето, но тоа не трае долго.

## Биопсија

Со биопсија се земаат клетки за да можат да бидат прегледани под микроскоп. Ако клетките се во течност, тие можат да се извадат со шприц. Во колку клетките се во ткиво, тие можат да се извадат користејќи мал нож или сличен инструмент. Клетките од рак се разликуваат од нормалните клетки, така што патолог може да каже ако некои клетки се канцерозни (зафатени со рак). (Патолог е лекар кој што ја прегледува биопсијата). Во биопсијата е потребно клетките да се обојат така што патологот може да оцени дали тие се канцерозни (зафатени со рак) или не. Може да биде потребна и цела недела за да се добијат резултати од биопсија.

Пред да се изврши биопсија, на лицето му се дава опојка за да не чувствува болка. Понекогаш се дава локална опојка (локално умртвување на одреден дел од телото), но најчесто се дава општа опојка, од која се заспива. Од лицето се бара да не јаде и да не пие неколку часови пред да му се даде општа опојка. Лекарот потоа ја сошива кожата, ако има потреба од тоа.

Повеќето биопсии се прават во болница. Помали биопсии можат да бидат направени во лекарска ординација. Биопсиите траат околу петнаесет минути. Одделете повеќе време, пред и после биопсијата за да се припреми лицето и да се соземе од опојката.

Нормално е луѓето да се чувствуваат непријатно кога имаат биопсија. Понекогаш тие чувствуваат болки по биопсијата, но тоа не трае долго. Лекарот ќе објасни како да се негува сошиената рана.

## Како би можеле да се чувствувате ако имате рак

Овие испитувања може да покажат дали лицето има рак, каде се наоѓа и дали се раширил. Ако испитувањата покажат дека имате рак, лекарот ќе објасни што тоа значи и што можете да очекувате.

Обично се потребни неколку денови за да се испратат резултатите од повеќето од овие испитувања до лекарот кој ги извршил. Можеби лицето треба да направи повеќе од едно испитување, така што може да поминат неколку денови или недели пред да се знае дали постои рак.

Луѓето обично се потресени и исплашени ако им се каже дека тие имаат рак. Доколку ви е кажано дека имате рак, можеби би сакале да зборувате за ова со вашите роднини или пријатели. Или би можеле да го прашате вашиот лекар да ви овозможи контакт со советник (counsellor).

*Macedonian*

*Diagnosing cancer*

**Информативна Служба за Рак:**

- **Македонски (03) 9209 0169**
- **Англиски 13 11 20**

1 Rathdowne Street
Carlton Vic 3053
Australia
Telephone: 61 (0)3 9635 5000
Facsimile: 61 (0)3 9635 5270
enquiries@cancervic.org.au
www.cancervic.org.au

January 2004